РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
- ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

09 - 2092/6
27 -05- 2019

Врз основа на член 22 став 7 и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019), Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) на седумнаесеттата седница одржана на ден 22 мај 2019 година донесе

**Одлука**

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема основа за нејзино надлежно постапување во предметот со број 09-2092/1 од 29.03.2019 година поради промена на фактичката состојба, односно наведеното лице ја отстранило состојбата на судирот на интереси.

Предметот со број 09-2092/1 од 29.03.2019 година, да се затвори и да се архивира, а одлуката по истиот предмет од седмата седница одржана на 27.03.2019 година, да престане да важи во делот за поведување на прекршочна постапка бидејќи службеното лице Кире Алексов ја отстранил состојбата на судирот на интереси пред донесувањето на новиот Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси каде е предвиден прекршок за наведената состојба.

Образложение

Предметот со број 09-2092/1 од 29.03.2019 година е оформен по службена должност врз основа на извршената редовна проверка од доставената изјава за интереси од службеното лице Кире Алексов каде што е констатирано дека покрај функцијата член на совет на општина Свети Николе истовремено ја извршувал и функцијата член на Управен одбор на ЈП за извршување на водостопански дејности ХС „Злетовица" – Пробиштип.

За надминување на констатираната повреда на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси Државната комисија согласно со член 77 став 1 од истиот закон од лицето Кире Алексов побара во рок од 15 дена да го отстрани судирот на интереси.

Со допис доставен до Државната комисија на дена 08.04.2019 година, известени сме дека наведеното лице се откажал од извршување на функцијата член на Управен одбор на ЈП за извршување на водостопански дејности ХС „Злетовица" – Пробиштип.

На седницата одржана на ден 22 мај 2019 година, по разгледување на сите предметни наводи, Државната комисија поаѓајќи од своите надлежности утврдени во Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси констатира дека нема основа за нејзино надлежно постапување поради промена на фактичката состојба, односно наведеното лице ја отстранило состојбата на судирот на интереси пред донесувањето на новиот Законот за


Република северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk

спречување на корупцијата и судирот на интереси каде е предвиден прекршок за наведената состојба за тоа што доставил решение за разрешување од 28.11.2017 година.

Врз основа на се, погоре наведено, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**


Република северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk